# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


| | |
|---|---|
| Службен гласник на општина Кисела Вода<br>Излегува по потреба<br>Рок за рекламации 15 дена<br>www.kiselavoda.gov.mk | 26 јуни 2007 година<br>Скопје<br>Број 16, година II<br>contact@kiselavoda.gov.mk |


Скопје, јуни 2007 година

# СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за усвојување на Кварталните извештаи (К1 и К2) за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за квартал Јануари-Март 2007 година;

**2.** Одлука за давање дозвола за вршење на дејност на Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково на дел од територијата на општина Кисела Вода во руралната средина на Драчево;

**3.** Заклучок за усвојување на Стратешкиот план за општините Кисела Вода, Зелениково и Сопиште за периодот 2007-2011 година;

**4.** Одлука за донација на Ангеловска Снежана за презентација во Република Хрватска на Републичката манифестација ВЕШТА ЖЕНА;

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи (К1 и К2) за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за квартал Јануари-Март 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи (К1 и К2) за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за квартал Јануари-Март 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Кисела Вода, одржана на 31 мај 2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кисела Вода”.

| | |
|---|---|
| **Број 08-3432/4** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **1 јуни 2007 година** | **на општина Кисела Вода** |
| **Скопје** | **Џорџе Арсов с.р.** |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 104 став 3 од Статутот на општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр.13/2006), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04), расправајќи по Предлог-Кварталните извештаи (К1 и К2) за извршување на Буџетот на општина Кисеал Вода за квартал Јануари-Март 2007 година, Советот на општина Кисела Вода на Педесет и третата пленарна седница одржана на 31 мај 2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Кварталните извештаи (К1 и К2)**
**за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода**
**за квартал Јануари-Март 2007 година**

1. Се усвојуваат Кварталните извештаи (К1 и К2) за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за квартал Јануари-Март 2007 година.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за финансиски работи.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

**Број 07-3244/5**
**31 мај 2007 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на**
**општина Кисела Вода**
**Никола Груев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за давање дозвола за вршење на дејност на Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково на дел од територијата на општина Кисела Вода во руралната средина на Драчево**

1. Се објавува Одлуката за давање дозвола за вршење на дејност на Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково на дел од територијата на општина Кисела Вода во руралната средина на Драчево, донесена на седницата на Советот на општина Кисела Вода, одржана на 31 мај 2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

**Број 08-3432/6**
**1 јуни 2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на општина Кисела Вода**
**Ѓорѓе Арсов с.р.**

Врз основа на член 14, член 22, став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 15 став 1 точка 4 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04), член 14 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр. 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04) и член 16 став 1 точка 4 и член 34 став 1 точка 22 и точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр.13/2006), Советот на општина Кисела Вода на Педесет и третата пленарна седница одржанана 31 мај 2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање дозвола за вршење на дејност на Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково на дел од територијата на општина Кисела Вода во руралната средина на Драчево

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Кисела Вода дава дозвола за вршење на дејност од јавен интерес од локално значење односно собирање и транспортирање на отпад на Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково.

### Член 2

Јавното Комунално Претпријатие на општина Зелениково Ќе ја врши дејноста од јавен интерес од локално значење на дел од територијата на општина Кисела Вода во руралната средина на Драчево.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

**Број 07-3244/7**
**31 мај 2007 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на**
**општина Кисела Вода**
**Никола Груев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Заклучокот за усвојување на Стратешкиот план за општините Кисела Вода, Зелениково и Сопиште за периодот 2007-2011 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Стратешкиот план за општините Кисела Вода, Зелениково и Сопиште за периодот 2007-2011 година, донесен на седницата на Советот на општина Кисела Вода, одржана на 31 мај 2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кисела Вода”.

**Број 08-3432/5**
**1 јуни 2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на општина Кисела Вода**
**Ѓорѓе Арсов с.р.**

Врз основа на член 34 и член 104, став 3 од Статутот на општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и "Службен гласник на општина Кисела Вода бр.07-13/2006), расправајќи по Стратешкиот план за општините Кисела Вода, Зелениково и Сопиште за периодот 2007-2011 година, Советот на општина Кисела Вода на Педесет и третата пленарна седница, одржана на 31 мај 2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Стратешкиот план за општините Кисела Вода, Зелениково и Сопиште за периодот 2007-2011 година.

2. Овој Заклучок да се достави до градоначалникот на општина Кисела Вода, градоначалникот на општина Зелениково и градоначалникот на општина Сопиште.

3. Овој Заклучок ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

**Број 07-3244/6**
**31 мај 2007 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на**
**општина Кисела Вода**
**Никола Груев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Одлуката за донација на Ангеловска Снежана за презентација во Република Хрватска на Републичката манифестација ВЕШТА ЖЕНА

1. Се објавува Одлуката за донација на Ангеловска Снежана за презентација во Република Хрватска на Републичката манифестација ВЕШТА ЖЕНА, донесена на седницата на Советот на општина Кисела Вода, одржана на 31 мај 2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кисела Вода”.

**Број 08-3432/7**
**1 јуни 2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на општина Кисела Вода**
**Џорџе Арсов с.р.**

Врз основа на член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисе-

ла Вода (Службен гласник на Град Скопје 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода бр.13/07)), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и третата пленарна седница, одржана на 31 мај 2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за донација на Ангеловска Снежана за презентација во Република Хрватска на Републичката манифестација ВЕШТА ЖЕНА

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на донацијата која се дава на Ангеловска Снежана од Скопје, жител на Општина Кисела Вода, како дел од тимот на Републичката манифестација ВЕшТА ЖЕНА за презентација во Република Хрватска, а за покривање на трошоците за пат и престој во Република Хрватска во периодот од 19 до 26.06.2007 година.

### Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука, во износ од 20.000,оо денари, во кој износ е вклучен и ДДВ, да се уплатат на жиро сметката на Ангеловска Снежана, број 0013607287 Стопанска Банка а.д. Скопје.

### Член 3

Градоначалникот на Општина Кисела Вода да донесе решение за спроведување на оваа Одлука.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

**Број 07-3244/8**
**31 мај 2007 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на**
**општина Кисела Вода**
**Никола Груев с.р.**